

Лубор Жатко (роден година) се стекнал со диплома за инженер за ИТ и телекомуникации на Факултетот за информатика и електротехника на Словачкиот технички универзитет. Тој ја започнал својата кариера во SIRIUS VD во 1997 година како Раководител на Техничкиот сектор со одговорност за управување со тимовите за распространување на мобилната мрежа во Словачка, Украина, Романија и Полска.

Во 2000 година, станал Виш менаџер за мрежни операции на Cesky Mobile (денес Vodafone CZ) – трет мобилен оператор во Чешка со одговорност за развивање и водење на работењето на мобилната мрежа и за учество во распространувањето на мобилната мрежа.

Потоа ја презел улогата на Директор за операции и ИТ активности во 2004 година, во First Data Slovakia со одговорност за ИТ и операции во Словачка, а подоцна како член на Управниот одбор за регионот на ЦИЕ ја презел улогата на Регионален директор за ИТ и операции за регионот на Централна и Источна Европа на First Data International. Од 2008 година, работел како Главен технолошки партнер во Barclaycard UK со одговорност да го развие и да го води одделот за ИТ на Barclaycard Business во Обединетото Кралство.

Од јануари 2009 година се приклучил на Словачки Телеком, каде што неговата прва задача била да подготвува и да води технолошки и ИТ стратешки и трансформациски програми како Виш менаџер за технолошка стратегија, архитектура и управување со буџет. Во јуни 2016 година, бил назначен за Директор за развој и испорака на мрежа за Словачки Телеком и Т-Мобиле Чешка за водење на сите промени и развојот на мобилните и фиксните мрежи.

Од октомври 2019 година, ја презеде улогата на Главен директор за технологија и ИТ во Маѓар Телеком.

Преведено од Лингва Експерт